Врз основа на член 24-а став (5) од Законот за средното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр. 19-2249/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2928/1 од 02.03.2017 година, Министерството за образование и наука донесе:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр. Nr. 13-4300/2
12.05 20 20 год.-viti
Скопје - Shkup

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари за учениците од средните училишта по наставниот предмет математика**

1. Се акредитира Сојуз на математичари на Македонија за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставнаиот предмет математика.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојуз на математичари на Македонија бр. 13-4300/1 од 03.04.2020 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова Решение се дава за период од три години.
4. Ова Решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Министерството за образование и наука на својата интернет страница објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта на ден 27.03.2020 година, на кој Сојуз на математичари на Македонија поднесе барање за добивање на акредитација за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставниот предмет математика бр. 13-4300/1 од 03.04.2020 година.

Согласно член 24-а став (5) од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр. 19-15111/1 од 25.12.2013; 19-3056/1 од 20.02.2015 и 20-8779/1 од 20.04.2015 година, со Записникот од работата на Комисијата бр. 13-4749/1 од 30.04.2020 година, утврди дека Сојуз на математичари на Македонија, ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по утврдени во член 24-а став (7) од Законот за средното образование, член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр. 19-2249/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2928/1 од 02.03.2017 година и ја има доставено потребната документација наведена во Конкурсот.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова Решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на Решението.

**МИНИСТЕР,**
**Dr. Arbër Ademi**

Изготвил: Горан Тодороски
Контролирал: Милка Масникоса
Одобрил: Дана Бишковска